Број 123 Декември 2022

# S-WORK

## *17-ти декември*

## Меѓународен ден за стоп на насилството врз сексуалните работници








# 17-ти декември Меѓународен ден за стоп на насилството врз сексуалните работници

Оваа година, **СТАР-Првиот колектив на сексуални работници на Балканот,** одбележува јубилеј - 15 години Марш на црвените чадори со слоганот **15 ГОДИНИ КОЛЕКТИВЕН ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ НАС.**

Со одбележувањето на **17-ти декември – Меѓународниот ден за стоп на насилството врз сексуалните работници** во Скопје, ние, сексуалните работници заедно со нашите партнери и поддржувачи ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, ТрансФормА и Коалиција Маргини, и оваа година се приклучуваме кон глобалното одбележување на овој значаен ден за нашата заедница со традиционалниот Марш на црвените чадори.

Овогодинешната кампања ја посветуваме на **15 годишниот јубилеј,** преку ретроспектива на изминатите маршеви на црвени чадори, на сите наши успеси, постигнувања, јавни пораки и барања, но и предизвици и проблеми со кои сме се соочувале низ годините во борбата против насилството и дискриминацијата.

Првиот Марш на црвените чадори се одржа во Скопје на 17-ти декември, 2008 година во организација на Здружението ХОПС и тогаш неформалната група СТАР-СТАР. Првите три години јавните протести на сексуалните работници беа симболични и се одвиваа без присуство на медиумите, што пак се должеше на стравот да излеземе во јавност и отворено да зборуваме за нашите проблеми и потреби, на стравот од предрасуди, јавно осудување и дискриминација. Но како поминуваа годините, така и ние станувавме се похрабри и погласни во борбата против насилството, стигмата и дискриминацијата. Повеќе не сме скриени во општеството и зборуваме во свое име.

Денес, достоинствено маршираме низ Скопје, заедно со голем број сојузници, активисти и поддржувачи.

**Денес**, гордо ги застапуваме нашите човекови, здравствени и работнички права пред институциите и општата јавност.

**Денес**, бараме подобри и побезбедни услови за работа.

**Денес**, бараме подобро законско решение за сексуалната работа во земјата.

**Денес**, бараме декриминализација на сексуалната работа.

Затоа, борбата не завршува тука. Предизвиците на кои наидовме нè направија поупорни и поиздржливи во нашата најголема борба, во нашите заложби да создадеме подобри услови за живот и работа на сите сексуални работници во земјата и да лобираме за промени на законите кои нè таргетираат. Нашата борба продолжува сè додека сексуалната работа не се декриминализира, што сметаме дека е најсоодветниот начин за правно признавање на сексуалната работа како работа и остварување на нашите права и слободи загарантирани со Уставот и законите на Република Северна Македонија.

Оваа година, јубилејниот Марш на црвени чадори ќе се одржи на 17.12.2022 (сабота) со почеток во 12:00 часот. Традиционално, Маршот ќе започне на платото пред Спомен куќата на Мајка Тереза на ул. „Македонија“ и ќе заврши на Плоштадот „Филип II“.

Спроведувањето на кампањата по повод обележувањето на 17-ти декември – Меѓународниот ден за стоп на насилството врз сексуалните работници е поддржано од Фондација Отворено општество – Македонија.

## 15 ГОДИНИ КОЛЕКТИВЕН ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ НАС




СТАР | ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

**17-ТИ ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА СТОП НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ**

# Историја на Маршот на црвените чадори во Скопје

Црвената е боја на љубовта, а чадорот е симбол на заштита од надворешните влијанија. Токму заради ова, црвениот чадор е присвоен како симбол на сексуалните работници и ја симболизира заштитата од злоупотребите од страна на полицијата и клиентите, како и осудата во конзервативните и стигматизирачки општества. Црвениот чадор го симболизира отпорот против насилството врз сексуалните работници и борбата за нивните еднакви човекови права.

Црвениот чадор како симбол на меѓународното движење на сексуалните работници е употребен за првпат во 2001 година за време на 49-то Венецијанско уметничко биенале, во рамки на инсталацијата „Прв светски конгрес на сексуални работници“ поставена од словенечкиот уметник Тадеј Погачар. На инсталацијата поставена на јавен простор, која била наречена и „Павилјон на проститутките“, сексуалните работници од повеќе држави заедно со италијанските сексуални работници ги претставиле тогашните состојби и дискутирале за стратегиите за заштита на нивните права. Од павилјонот започнал и марш по улиците на Венеција на кој сексуалните работници со црвени чадори и мегафони го привлекле јавното внимение, укажувајќи на лошите работни услови и злоупотребата на човековите права.

Од 2005 година, Меѓународниот комитет за права на сексуалните работници во Европа (ICRSE) го усвојува црвениот чадор како симбол на отпорот против насилството и дискриминацијата, а примерот го прифаќа целото движење низ светот.

Во Скопје за првпат црвениот чадор како симбол за борба против насилството врз сексуалните работници е промовиран на 17-ти декември 2007 година, кога ХОПС – Опции за здрав живот Скопје заедно со луѓе од заедницата на сексуалните работници, активисти и поддржувачи, за првпат иницираше и организираше улична акција со цел одбележување на Меѓународниот ден за стоп на насилството врз сексуалните работници. На овој ден илјадници сексуални работници ширум светот здружено маршираат по улиците и се борат против насилството, стигмата и дискриминацијата во сите сфери од нивното живеење, лошите политики и закони, при тоа барајќи ги своите права и заштита.

Првиот Марш на црвените чадори беше одржан во Скопје на 17-ти декември 2008 година, во организација на здружението ХОПС и тогаш неформалната група СТАР-СТАР. Првите три години од 2008 до 2010 година, јавните протестни маршеви на сексуалните работници беа симболични и се одвиваа без присуство на

медиумите, што пак се должеше на стравот на сексуалните работници да излезат во јавност и јавно да говорат за своите проблеми и потреби. Но, од година во година, се зголемуваше видливоста и храброста на заедницата и овие јавни настани добиваа се поголема медиумска поддршка. Со тоа се зголемуваше и бројот на сексуални работници, активисти, поддржувачи и пријатели кои гордо маршираа во центарот на Скопје, како и на сексуалните работници кои го предводеа Маршот на црвените чадори секоја година.

Во 2011 година, сексуалните работници излегоа на протестен марш на улица „Македонија“ и медиумите за прв пат почнаа да известуваат за „сексуалната работа“ и „сексуалните работници“. Во 2013 година, покрај Маршот на црвените чадори, во рамки на кампањата „Тортура не е култура“ се одржа и изложба Sex Work in Art. Покрај настаните во Скопје, улични акции се одржаа и во Струмица, Охрид и Тетово, преку кои сексуалните работници на национално ниво го одбележаа овој значаен ден, добивајќи поддршка од јавноста. Овие акции преминуваат во традиција на СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот и Маршот на црвените чадори станува традиционален настан по кој сексуалните работници во Македонија се препознатливи во јавноста.

Во 2014 година сексуалните работници по седми пат се приклучуваат на глобалната акција за солидарност и го организираа Маршот на црвените чадори со пораката „Сексуалната работа е работа“. Поддршката и одзивот за маршот расте и во следните две години, а заедницата сè повеќе го креваше гласот во борбата за подобри работнички и човекови права. Во 2017 година охрабрената заедница јубилејно го одбележа Меѓународниот ден за стоп на насилството врз сексуалните работници и десетти пат маршираше во центарот на Скопје. Со слоганот „10 години гласно за сексуалните работници“ се апелираше до јавноста да се запре насилството и беше побарано од институциите препознавање на доброволната сексуална работа како секоја друга професија. Во рамки на кампањата истата година, во Скопје, беше одржан првиот уметнички перформанс СКОПЈЕ РЕД ЛАЈТ ДИСТРИКТ кој имаше за цел да го отслика шармот на улицата на црвените фенери во Амстердам. Скопје, таа година, за првпат доби девојки на излог, а нивниот перформанс ги актуелизираше прашањата за декриминализација на сексуалната работа.

Во 2020 година, поради постоечките епидемиолошки мерки за заштита и превенција од КОВИД-19 вирусот и истовремено покажувајќи одговорност кон јавното здравје, Маршот на црвените чадори беше одржан во форма на јавно обраќање пред медиумите, без присуство на општата јавност и поддржувачите на кое се потенцираа проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници за време на пандемијата. Со следење на мерките и упатствата за заштита и превенција од КОВИД-19, во 2021 година повторно се одржа Маршот на црвените чадори со кој сексуалните работници ја истакнаа потребата од итно донесување соодветен модел за регулација за сексуалната работа во Република Северна Македонија, со пораката до надлежните институции „ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА КОГА?“.

Изминатите 14 години стотици сексуални работници заедно со голем број поддржувачи, маршираа низ Скопје и се обединија во борбата за подобри човекови права, во рушењето на стереотипите поврзани со сексуалната работа, намалувањето на стигмата и дискриминацијата кон сексуалните работници, како и подобрувањето на нивниот статус во општеството.

Оваа година, СТАР-Првиот колектив на сексуални работници одбележува јубилеј – 15 години Марш на црвените чадори со слоганот **15 ГОДИНИ КОЛЕКТИВЕН ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ НАС.** ●



# ИСТОРИЈА НА МАРШОТ НА ЦРВЕНИТЕ ЧАДОРИ ВО СКОПЈЕ




# 1-ВИ ДЕКЕМВРИ – СВЕТСКИ ДЕН НА СИДА

По повод одбележувањето на 1-ви декември – Светскиот ден на СИДА, од УНАИДС ги потенцираат нееднаквостите кои ја продолжуваат пандемијата со СИДА и повикуваат на акција - Equalize со цел да се стави крај на СИДА-та до 2030 година. УНАИДС го повикува секој од нас да работи на докажаните практични активности кои се потребни за справување со  нееднаквостите кои го кочат напредокот во ставањето крај на СИДА-та:

· Зголемете ја достапноста, квалитетот и соодветноста на услугите за ХИВ, вклучувајќи ги третманот, тестирањето и превенцијата за ХИВ, така што секој ќе може да ја добие потребната услуга.

· Реформирајте ги законите, политиките и практиките за справување со стигмата и исклученоста со кои се соочуваат луѓето што живеат со ХИВ и клучните и маргинализирани популации, така што на сите ќе им се покаже почит и секој еден ќе биде добредојден.

· Обезбедете споделување на технологијата за да се овозможи еднаков пристап до најдобрата наука за ХИВ, помеѓу заедниците во целиот свет.

· Заедниците ќе можат да ја искористат и приспособат пораката Equalize (Изедначи) за да ги истакнат нееднаквостите со кои се соочуваат и да вршат притисок за активностите потребни за нивно решавање.

Според податоците од УНАИДС за глобалниот одговор на ХИВ, во текот на последните две години од пандемијата на КОВИД-19 и другите глобални кризи, напредокот против пандемијата на ХИВ е забавен, ресурсите се намалени, а како резултат на тоа се загрозени милиони животи.

Веќе четири децении од светскиот одговор на ХИВ, нееднаквостите сè уште постојат за најосновните услуги како тестирање, третман и пристап до кондоми, а уште повеќе за новите технологии.

Ни преостануваат уште само осум години до поставената цел за ставање крај на СИДА-та до 2030-тата година како глобална здравствена закана. Економските, социјалните, културните и правните нееднаквости мора итно да се решат. Во пандемија, нееднаквостите ги влошуваат опасностите за сите. Навистина, крајот на СИДА-та може да се постигне само ако се справиме со нееднаквостите што ја поттикнуваат. Светските лидери треба да дејствуваат со смело и одговорно лидерство. И сите ние, насекаде, мора да направиме се што можеме за да помогнеме во справувањето со нееднаквостите. ●




# Зголемените трошоци за живот принудува се повеќе жени на сексуална работа и прифаќање опасни клиенти

*„Им велам ДА  на луѓето на кои вообичаено би им рекла НЕ. Велам ДА на работи кои вообичаено не би ги направила“, вели сексуална работничка во сторијата на Independent за кризата со која се соочуваат сексуалните работници во Велика Британија поради зголемените трошоци за живот.*

Глобалната економска криза и зголемените трошоци за живот ја загрозуваат безбедноста на сексуалните работници со тоа што ги принудуваат да прифаќаат потенцијално опасни клиенти чии барања претходно би ги отфрлиле, предупредуваат учесниците во кампањата која ја водат од Англискиот колектив на сексуални работници.

Англискиот колектив на сексуални работници (The English Collective of Prostitutes) веќе долго време води кампања против криминализацијата на сексуалната работа.

Активистите предупредуваат дека зголемените трошоци за живот ја загрозуваат безбедноста на сексуалните работници и изразуваат загриженост за прашања поврзани со домувањето, миграцијата, плаќањето даноци, храна и други бенефиции. Повеќето сексуални работници пријавиле вознемирување од страна на газдите кои издаваат станови, насилство, злоупотреба и експлоататорски работни услови.

Од Англискиот колектив на сексуални работници велат дека во месец август стотици жени се јавиле на телефонската линија за помош и совети во однос на кризата со трошоците за живот, но веројатно тие се само мал број, бидејќи многумина се плашат да побараат помош. Многу жени не се јавуваат за помош од страв да не го откријат својот идентитет како сексуални работници, ниту пак пријавуваат насилство и злоупотреба во полиција од страв да не бидат уапсени.

Ники Адамс, застапничка на Колективот, изјавила дека жените се принудени да ги придружуваат клиентите кои претходно ги одбивале, што пак има многу загрижувачки импликации врз нивната безбедност.

Таа истакнува дека сите јавувачи на линијата за помош се жени, од кои две третини се мајки, загрижени за тоа како ќе им ги обезбедат униформите и школувањето на своите деца.

„Жените ни приоѓаат за информации како да започнат со сексуална работа, бидејќи не можат да си ги дозволат зголемените трошоци за енергија, храна, патувања", вели Адамс. „Други пак, се враќаат на сексуалната работа по децении пауза поради недостаток на финансии".

Ела, 22-годишна сексуална работничка која живее во Јоркшир, која ја комбинира сексуалната работа со нејзината работа во добротворен сектор, вели дека веќе го чувствува „притисокот" од кризата со трошоците за живот поради падот на бројот на клиенти.

„Порано имаше многу клиенти, повеќе отколку што можев да постигнам. Но, сега има недели каде што е толку тивко што не знам што ќе правам".

„Сега им велам ДА на луѓето на кои вообичаено би им рекла НЕ. Велам ДА на работи кои вообичаено не би ги направила. Кризата со трошоците за живот направи да се чувствувам небезбедно и да правам работи со кои не се чувствувам удобно", вели Ела.

Ела боледува од хроничен замор и болки и вели дека кризата ја принудува да работи и кога е болна.

„Порано, ако имав болки, не работев, но сега поради кризата, а по цена на животот принудена сум да примам клиенти и кога не можам".

Алекс, 26-годишна сексуална работничка работи во секс индустријата повеќе од 10 години. Таа изјавила дека кризата со трошоците за животот ги уништила плановите за „пензионирање" или одмор од сексуалната работа. Сега дури и работи повеќе часови за помалку пари.

„Како и многу сексуални работници и јас имам клиенти кои се свесни за кризата со животните трошоци, и наместо да бараат помалку, тие стануваат дрски, ја користат ситуацијата и бараат повеќе од вообичаеното", вели Алекс.

Ники Адамс додава дека голем број сексуални работници по години работа на други места повторно се враќаат на сексуалната работа, а при тоа работат во понебезбедни услови.

Од Колективот на сексуални работнци апелираат на итна декриминализација на сексуалната работа што може да влијае на намалување на кризата со која се соочуваат сексуалните работници. Со декриминализација на сексуалната работа, сексуалните работници ќе можат да ги уживаат работничките бенефиции и олеснителните мерки кои ги дава Владата особено во време на кризи и пандемии. Работните услови би им се подобриле, со тоа ќе им се зголемат и платите и сексуалните работници би можеле да ги уживаат правата што им се достапни на другите работници. ●

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.